**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Соња Цветковиќ Чолакова
Раководител на Сектор

**Повереник:** Никола Јовановски, Помошник раководител на Секторот

# Предлог - Програма

## за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година

Скопје, Март 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04), Советот на Град Скопје, на својата __ седница, одржана на __________ 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година**

Во **Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година** (“Службен Гласник на Град Скопје“ бр.2/22) се вршат следните измени и дополнувања:

**1.** Во глава ***IV.1. Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина, подглава IV.1.1 Воздух,*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

Активности:

- Годишно одржување на аирпоинтерот на Град Скопје и обработка на податоци, ( јавна набавка )
- Подготовка на нов План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација скопски регион, ( јавна набавка )
- Набавка и креирање градска мрежа на мониторинг станици за аерозадагување, ( јавна набавка )
- Субвенционирање на домаќинства за набавка на инвертер клима уреди, ( јавен повик )
- Субвенционирање на граѓани за набавка на велосипеди, тротинети и електрични возила на две тркала, ( јавен повик )
- Субвенционирање на домаќинствата на граѓаните за чистење на оџаци ( јавен повик ).

2. Во глава ***IV.1. Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина, подглава IV.1.2 Вода,*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Проширени анализи и испитувања на алтернативни извори за водоснабдување – Кадина река, Патишка река и Мала река, (во соработка со ЈП Водовод и канализација),
- Ревитализација и воспоставување на континуирано следење на квалитативните карактеристики на водите од напуштените извори во Бутел, Инџиково (во соработка со ЈП Водовод и канализација).

3. Во глава **IV.1. Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина, подглава *IV.1.3 Почва*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Реализација на Програмата за испитување на загаденост на почва на подрачјето на град Скопје ( јавна набавка),
- Компостирање на урбан био отпад: решенија за градот и климатската криза ( јавна набавка).

4. Во глава ***IV.2. Области на животната средина подглава IV.2.1 Бучава*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Калибрација на два букомера (јавна набавка).

5. Во глава ***IV.2. Области на животната средина подглава IV.2.2 Климатски промени*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Реализација на годишната програма за мезометеоролошки мерења во Скопската Котлина за 2022/2023, (во соработка со УХМР)

6. Во глава ***<u>IV.3. Заштита на природните вредности IV.3.1 Унапредување на зеленилото</u>*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Одржување на куќарките за рипариски хабитати, (во соработка со ЈП Паркови и Зеленило),
- Годишно одржување на урбаната градина (во соработка со НВО),
- Изработка на Стратешка оценка на влијанието врз животната средина за Генерален Урбанистички План за 2022/2032 година (јавна набавка).

7. Во глава ***<u>IV.3. Заштита на природните вредности IV.3.3 Заштитени локалитети</u>*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Изработка на План за управување со заштитен предел Водно (Прва фаза изработка на Просторен план во соработка со Министерство за животна средина и просторно планирање и Агенција за планирање на просторот),
- Изработка на План за управување со заштитен локалитет Кањон Матка, (јавна набавка),
- Реализација на активности од Планот за управување со паркот на природата Гази Баба; Изработка на Програма за мониторинг на биодиверзитетот на Гази Баба и нејзина реализација, (јавна набавка)
- Трошоци за спасителните станици на Водно и Кањон Матка за безбеден престој (во соработка со Црвен крст на град Скопје),
- Уредување на споменикот на природата Кањон Матка (во соработка со ЈП Паркови и Зеленило),
- Уредување на просторот на паркот на природата Гази Баба, (во соработка со ЈП Паркови и Зеленило),
- Уредување на парк шумата Водно, (во соработка со ЈП Паркови и Зеленило),
- Реализација на посебен план за заштита и унапредување на парк шумата Водно, (во соработка со ЈП Паркови и Зеленило).

8. Во глава ***<u>IV.4. Интегрирани проекти</u>*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Изработка на елаборати за заштита на животната средина, (јавна набавка),
- Прибавување стручни мислења во врска со елаборати за животна средина и Б интегрирани еколошки дозволи, (во соработка на научни институции),
- Ажурирање на интегриран катастар за животна средина, (јавна набавка).

9. Во глава ***<u>IV.5 Здравје и благосостојба</u>*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

- Учество во мрежата на Здрави градови на Светската здравствена организација, (годишна членарина),
- Функционирање на Совет за јавно здравје на град Скопје и Меѓусекторска комисија за здравје и климатски промени.

10. Во глава ***<u>IV.6 Подигање на јавната свест</u>*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Организирање на Европска недела на мобилноста (јавен повик),
- Организирање на Час на планетата Земја (јавен повик),
- Еколошки конкурс по повод денови на пролетта и денови на екологијата (јавен повик).

11. ***<u>I</u>*** Во глава ***<u>V.7 Спроведување на мерки и активности во областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија</u>*** по точката **Цели** се додава нова потточка Активности која гласи :

**Активности:**

- Претставување на Град Скопје пред граѓаните и промоција за енергетска ефикасност (во соработка со научни институции),
- Изработка на тригодишна програма за енергетска ефикасност (2022-2024) (јавна набавка),
- Замена и поставување на енергетски ефикасно лед осветлување на објект под надлежност на Град Скопје (јавна набавка),
- Кофинансирање на активности на SECAP

***ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Град Скопје” .

Бр. ___________
С К О П Ј Е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**Трајко Славески**

**Образложение**

Оваа програма се предлага врз основа на член 36 став 1, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен Гласник на Град Скопје" бр.05/02), каде е утврдена надлежноста на Советото на Град Скопје и согласно и член 10 став 1 точка 3 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на РМ "бр.55/04 и 158/11), со цел остварување на надлежностите на Градот во делот заштита и унапредување на животната средина.

Предложените измени во Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2022 година се вршат заради усогласување и допрецизирање на активностите кои треба да се реализираат согласно Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Поаѓајќи од изнесеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја усвои Предлог Програмата за измена и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2020 година.